Општина Кривогаштани
ул.Филип Втори бр.84 Кривогаштани тел ++38948471280
opstina_krivogastani@yahoo.com www.krivogastani.com

Бр.24-238/6
од 19.03.2025 год
Кривогаштани

Градоначалникот на општина Кривогаштани решавајќи по Мислењето за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 5,2 мW, (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на КП бр.487/1, КП бр.487/2 и КП бр.487/3 КО Врбјани, Општина Кривогаштани број 24-238/5 од 14.03.2025 година, изработено од Комисијата за урбанизам на Општина Кривогаштани, врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24), го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

Се одобрува Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 5,2 мW, (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на КП бр.487/1, КП бр.487/2 и КП бр.487/3 КО Врбјани, Општина Кривогаштани, со технички број 110/24 од Јуни 2024 год. изработен од „Студио Џон и Џони“ДОО Прилеп-Подружница Скопје.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Кривогаштани, со Решение број 09-1417/1 од 31.12.2021 година, по разгледувањето на приложената документација и извршениот увид достави Мислење за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 5,2 мW, (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на КП бр.487/1, КП бр.487/2 и КП бр.487/3 КО Врбјани, Општина Кривогаштани, број 24-238/5 од 14.03.2025 година.

Градоначалникот на Општина Кривогаштани по извршениот увид на приложената документација и Мислењето од Комисијата за урбанизам, констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24).

Врз основа на погоре споменатото и согласно член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање, донесе Решение како во диспозитивот.

Изработил,
Гоце Нешкоски

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски